МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ ЗА РАЗВОЈ НА

„СОЛУН -СКОПЈЕ-ТАБАНОВЦЕ“ ПАТНА И ЖЕЛЕЗНИЧКА ВРСКА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И МЕЃУ РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА

(„ПАТЕН И ЖЕЛЕЗНИЧКИ ПРОЕКТ“)

Република Северна Македонија и Република Грција, во понатамошниот текст "Страните", претставувани од Министерот за транспорт и врски на Република Северна Македонија и Министерот за инфраструктура и транспорт на Република Грција,

Нагласувајќи ја нивната заедничка цел да се развие „Патен и железнички Проект “ патна и железничка врска меѓу Солун – Скопје - Табановце и идното проширување кон Белград и Будимпешта, што е од заеднички и меѓународен интерес со оглед на нејзиното значително стратешко и економско значење за граѓаните и економиите на двете страни;

Посакувајќи Република Србија и Унгарија да се приклучат на проектот

Со желба целосно да ги интегрира патните и железничките мрежи на Страните во Транс - Европската транспортна мрежа;

Признавајќи ја важноста на интер - модалноста и интер - операбилноста на транспортната мрежа во поврзувањето на двете земји;

Имајќи го предвид "Договорот за основање на транспортната заедница" и Анекс III "Индикативни карти на ТЕМ-Т проширен на специфични трети земји" од Регулативата (ЕУ) 1315/13;

Со цел да се изготви стратегија за развој, со акцент на користење на високиот потенцијал на патниот и железничкиот транспорт на оската "Солун - Скопје – Табановце";

Се согласија за следното:

Овој Меморандум за разбирање ќе биде воден од целите и принципите на Страните и Европската унија (ЕУ), ќе се заснова на принципите на меѓусебно почитување, доверба и партнерство и целосно ќе се усогласи со националното законодавство на двете Страни.

А. Позадина

Фокусот на овој Меморандум за разбирање е реализацијата на патната и железничката врска меѓу " Солун -Скопје-Табановце", вклучувајќи подготвителни работи, понатамошна имплементација и целокупно управување со проектот, како дел од Транс - Европската мрежа.

Ова е стратешки патен и железнички мултимодален проект кој има за цел развој на одржлив: а) автопат со две ленти плус итна лента по правец и б) двоколосечен, електрифициран железнички коридор со современи ERTMS, кој го поврзува Солун со Скопје и Табановце.

Развојот, функционирањето и управувањето со „Патен и железнички Проект“ во подоцнежна фаза, може да биде доделен на заедничко претпријатие „ПЖП“ регистрирано во една од двете Страни. Воспоставувањето на таква структура, како и на неговата форма ќе биде резултат на конкретни прелиминарни студии. Во овој контекст, во моментов, Страните се согласуваат да формираат заедничка Работна група на експерти за изготвување и доставување на Работен / Акционен план за развој на проектот „Патен и железнички Проект “.

Конечните одлуки за сите прашања ќе бидат донесени од Министрите за транспорт на двете Страни.

Б. Цели на работната група

Целите на Работната група се наведени во овој меморандум за соработка, на следниов начин:

- Да ги проучи сите аспекти, вклучувајќи ја и правната и економската перспектива, на формата на заедничко Претпријатие на двете Страни за развој, функционирање и управување со „Патниот и железничкиот Проект“.
- Да ги презентираат основните технички карактеристики на проектот проектот „Патниот и железничкиот Проект“ и проценка на вкупните трошоци;
- Да се испитаат можностите за заедничко финансирање, вклучувајќи финансирање од ЕУ, други Меѓународни Финансиски Институции, приватниот сектор и други извори на финансирање.
- Споделување и размена на сите релевантни информации во врска со „Патниот и железничкиот Проект“ и сродни активности на Страните.
- Откако Работната група ќе го идентификува опфатот на заедничкото Претпријатие, ќе предложи финансиски обврски на Страните и можностите за привлекување на приватни инвеститори и / или да добијат Европска или друга финансиска поддршка.

В. Организација и временски распоред

Работната група ќе биде назначена од Министрите за транспорт на Страните до 15 Мај 2019 година. Работната група ќе се состанува најмалку три пати годишно на експертско ниво за да работи на напредокот во спроведувањето на „Патниот и железничкиот Проект“ во секоја Страна. До крајот на Мај 2019 година Работната група ќе го има првиот состанок. Работната група ќе се согласи за распоред на

годишните состаноци и акциски план врз основа на проценката на потребите што треба да ги спроведуваат членовите на Работната група.

Состаноците ќе бидат организирани во една од двете земји на ротација основа. Можно е да се разгледа можноста да се користат и други меѓународни формати за да се организира страничен состанок на Работната група.

Г. Членови на работната група

Работната група ќе се состои од членови на тимот од двете Страни. Членовите ќе бидат назначени од Министрите за транспорт на Страните. Членовите на работната група треба да имаат соодветен професионален капацитет и експертиза во областите како што се управување со проекти, европско и меѓународно право, управување со инженерството и со финансирањето. Страните, исто така, можат да поканат надворешни експерти/советници да бидат членови на Работната група. Во овој случај, надоместоците на експертите/советниците, како и трошоците за патување, дневница и сместување ќе бидат обезбедени од секоја од Страните што ќе ги покани нив да учествуваат.

Членовите на Работната група ќе ја почитуваат доверливоста на сите постапки.

Д. Завршни одредби

Одредбите, измените и дополнувањата на овој Меморандум за разбирање се предмет на меѓусебен договор во писмена форма помеѓу Страните.

Овој Меморандум влегува во сила од денот на нејзиното потпишување.

Потпишана во Скопје на 2 април 2019 година во два оргинала на англиски јазик.

| | |
|---|---|
| За Република Северна Македонија | За Република Грција |
| Министерот за транспорт и врски | Министерот за инфраструктура и транспорт |
| Горан Сугарески | Христос Спиртзис |